# МОНИТОР ЗА СОЦИЈАЛНИ ПРАВА 2020

## ЕВРОПСКИ ТРЕНДОВИ



solidar

TOGETHER FOR SOCIAL EUROPE

FEPS
FOUNDATION FOR EUROPEAN PROGRESSIVE STUDIES

# ВОВЕД

Второто издание на Мониторот за социјални права на СОЛИДАР дава увид во состојбата со социјалните права во различни европски земји. Ова издание известува за 14 земји од Европската унија – Белгија, Бугарија, Хрватска, Чешка, Данска, Естонија, Франција, Германија, Грција, Унгарија, Италија, Словачка, Шпанија и Холандија; две земји кандидати – Србија и Северна Македонија; и една членка што ја напушти ЕУ во 2020 година, Велика Британија. Мониторот за 2020 година ја проценува социјалната состојба во Европа во однос на еднаквите можности, поволните и фер услови за работа, социјалната заштита, вклученоста, како и граѓанскиот простор. Тоа го прави член или партнер на СОЛИДАР, врз основа на набљудувањата на Националните стратешки групи (НСГ) формирани во секоја од 17-те земји. Овие групи ја ставаат експертизата на граѓанските организации, академиците и експертите од областа на едно место, со тоа што ја поддржуваат нивната работа со статистички податоци и научни наоди.

Среде светска пандемија, јавното здравство и економските проблеми станаа центар на вниманието. Сепак, социјалните права се исто така под силен притисок како резултат на Ковид-19 и мерките воведени за борба против неговото понатамошно ширење. Нашите Национални стратешки групи забележаа дека постоечките нееднаквости – во однос на приходите, безбедноста на работата, пристапот до здравствената заштита и основните услуги – се влошени поради пандемијата. СОЛИДАР стравува дека, во борбата против вирусот и неговата економска штета, напредокот постигнат после економската криза во 2008 година ќе добие обратна насока. Не смееме да се стремиме да се вратиме во нормала, туку наместо тоа, да спроведеме праведна транзиција за да создадеме нова нормала што е поправедна, поодржлива, поинклузивна и порамноправна за сите. Националните стратешки групи на СОЛИДАР предупредуваат дека загрижувачките трендови на зголемени ограничувања на слободите на граѓанското општество и нападите врз слободниот печат продолжија и се интензивираа во изминатата година, понекогаш зад маската на мерки за Ковид-19.

На крај, Мониторот 2020 проценува до кој степен овие прашања се опфатени со Специфичните препораки за земјите од 2020 на процесот на Европскиот семестар. Особено сега кога процесот на семестарот е споен со Плановите за обновување и отпорност, сметаме дека е од најголема важност овие препораки да служат како водич за земјите-членки во насока на постигнување на социјално одржливо закрепнување по кризата со Ковид-19.

| | 2018 | 2019 |
|---|---|---|
| Џиниев коефициент[1] | 30,8 | 30,7 |
| Невработеност[2] | 6,8% | 6,3% |
| Индекс за родова еднаквост[3] | 67,4 | 67,9 |
| Сиромаштија кај вработените[4] | 9,4% | 9,2% |
| Стапка на пренаселеност во домаќинствата[5] | 15,5% | 15,6% |

1 Евростат (2020). Џиниев коефициент на изедначен расположлив приход: http://appsso.eurostat.ec.europa.eu/nui/show.do?lang=en&dataset=ilc_di12
2 Еуростат (2020). Невработеност по пол и возраст: годишни податоци: https://appsso.eurostat.ec.europa.eu/nui/show.do?dataset=une_rt_a&lang=en
3 Европски институт за родова еднаквост (2020). Индекс за родова еднаквост: https://eige.europa.eu/gender-equality-index/2020/BE
4 Еуростат (2020). Стапка на вработени со ризик за сиромаштија: https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/tespm070/default/table?lang=en
5 Еуростат (2020). Стапка на пренаселеност по возраст, пол, и статус на сиромаштија – вкупно население: https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/ilc_lvho05a/default/table?lang=en

# ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И ФЕР УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Во Мониторот за социјални права од 2019, видовме одредено подобрување на социјалните услови, иако некои европски земји сѐ уште не беа на ниво на кризата пред 2008 година, во однос, на пример, на вработувањето и растот на платите. Во Мониторот од 2020 година, гледаме некои позитивни случувања со зголемени минимални плати во Шпанија, Чешка, Унгарија и Словачка. Сепак, партнерите на СОЛИДАР во сите 17 земји ја изразуваат својата загриженост за зголемувањето на нееднаквостите во приходите. Оваа загриженост се потврдува со Џиниевиот коефициент на земјите, од кои многу имаа мало зголемување од 2010 година.[6]



Генерално, Националните стратешки групи не известуваат за некои поголеми промени во оданочувањето. Но, тие истакнуваат дека фискалниот товар за домаќинствата со ниски примања продолжува да биде голем, понекогаш како резултат на рамномерно оданочување на приходот и релативно висок удел на оданочување на потрошувачката, особено во Бугарија, Чешка, Естонија, Грција и Унгарија. Во земјите кои продолжуваат да имаат систем на рамномерно оданочување, домаќинствата со ниски примања се погодени непропорционално и имаат тенденција да плаќаат релативно голем дел од своите приходи за даноци. Последната даночна реформа во Белгија им донесе корист на работниците со ниски плати, но остави зад себе неработни луѓе.

## ВРАБОТУВАЊЕ

На крајот на 2019 година, вработеноста на територијата на ЕУ-28 достигна досега највисоко ниво од 69,5%.[7] Всушност, неколку Национални стратешки групи дури и пријавија недостиг на работна сила, особено во здравствениот и образовниот сектор, како и во секторот за услуги. Сепак, оваа зголемена побарувачка за работна сила не дојде со подобрени услови за работа. Најголем притисок врши зголемувањето на несигурноста на пазарот на трудот, што сите Национални стратешки групи го означуваат како загриженост. Работната несигурност и несигурноста на пазарот на трудот веќе беа обележани од СОЛИДАР со Мониторот за социјални права од 2019 година. Сепак, кризата со Ковид-19 јасно ја покажа болната состојба со ризиците во здравството, образованието и секторот за услуги. Истото прашање ги погодува и земјите кандидати за членство во ЕУ, како што е Северна Македонија, каде неформалното вработување е главна карактеристика на пазарот на трудот.[8] Во Србија, НСГ означува висока невработеност кај младите и одлив на мозоци, како клучни среднорочни и долгорочни предизвици за вработеноста.



6 Евростат (2020). Џиниев коефициент на изедначен расположлив приход: https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/tessi190/default/table?lang=en

7 Евростат (2020). Стапка на вработеност според пол, возраст, и државјанство (%): https://ec.europa.eu/eurostat/data-browser/view/LFSQ_ERGAN__custom_160161/default/table?lang=en

8 Европска комисија (2020) Работен документ на персоналот на Европската комисија – Извештај за Северна Македонија од 2020 година https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/north_macedonia_report_2020.pdf

Иако има недостаток од понови податоци, неспорно е дека кризата со Ковид-19 има огромни ефекти врз вработувањето во скоро сите европски земји и веројатно ќе продолжи со истиот тренд во догледна иднина. Од февруари 2020 година, видовме дека стапката на невработеност во ЕУ-27 се зголеми за цел еден процент, од 6,5 од населението на 7,5% во септември. Во Шпанија, една од земјите најсилно погодена и од првиот и од вториот бран на вирусот, невработеноста е зголемена за скоро 3 проценти од почетокот на кризата.[9] Одредени сектори и категории на работници се погодени посилно од другите. Нашите Национални стратешки групи известуваат дека некои од секторите кои се најпогодени, како што се угостителството и туризмот, исто така се оние што вработуваат релативно голем дел од несигурни работници и луѓе од ранливи групи како што се жените, младите и мигрантите. Ковид-19 и мерките за затворање што беа воведени во многу земји имаа особено силно влијание врз овие сектори. Покрај тоа, многу од луѓето кои работеа во овие сектори имаа несигурни договори, така што по губењето на работниот однос многумина останаа незаштитени.

За да се спречат масовните отпуштања, повеќето влади воведоа итни мерки, вклучително и краткорочни работни шеми кои покриваат дел од платите на работниците. Степенот до кој овие шеми биле успешни во заштитата на приходите на работниците и идната безбедност на работното место варира од земја до земја. Процентот на покриени плати исто така варира, од 100% во Ирска до само 50% од минималната плата во Полска. Некои земји го направија договорот условен, на пример, со воведување на забрана за компаниите што ја користат оваа шема да отпуштат работници.

## ОБРАЗОВАНИЕ

Нашите Национални стратешки групи известуваат за одредени спротивставени трендови кај лицата кои предвремено го напуштаат образованието. Во некои земји, тие претставуваат сѐ поголем проблем, додека други се чини дека се поуспешни во справувањето со ова прашање. Генерално, гледаме позитивен тренд, со намалување на стапката на рано напуштање на училиштето во Европа: во 2009 година, 14,2% од учениците во ЕУ-28 сепак го напуштиле образованието без диплома; оваа стапка се намали на 10,3% во 2019 година.[10] Како и да е, нашите НСГ посочуваат дека, во сите земји, за ранливите групи, како што се Ромите и учениците од домаќинства со ниски примања, сѐ уште е поверојатно дека ќе го напуштат училиштето без диплома. Исто така, впечатлива е постоечката разлика меѓу половите, со тоа што кај машките ученици е значително поголема веројатноста да го напуштат училиштето предвреме, отколку кај девојчињата. За среќа, се чини дека овој јаз помеѓу половите полека се затвора. Исто така, гледаме позитивен тренд со бројот на млади луѓе кои не се ниту на училиште или на обука, ниту се вработени.[11] Ова се намали од максималната вредност од 15,9% во 2013 година на 12,5% во 2019 година, според Евростат 2020.[12]

Некои НСГ исто така го свртуваат вниманието на недостатокот на квалификувани наставници, што влијае на квалитетот на образованието и создава нееднаквости меѓу регионите, бидејќи некои имаат поголем недостаток од другите. Во некои земји, како што е Бугарија, нееднаквостите се дополнително влошени со трансферот на образовните компетенции на локалните власти. Покрај тоа, бидејќи многу ученици мораа да се префрлат на учење од далечина поради кризата со Ковид-19, постоечките

9 Евростат (2020). Невработеност по пол и возраст – месечни податоци: https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/une_rt_m/default/table?lang=en
10 Евростат (2020 ). Лица кои предвремено напуштиле образование и обука по пол и трудов статус: https://bit.ly/3lmIdl6
11 На англиски терминот што се користи за оваа категорија на млади луѓе е NEET (заб.прев.)
12 Евростат (2020). Млади луѓе кои ниту се вработени, ниту се образуваат или обучуваат, според полот (NEET): https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/sdg_08_20/default/table?lang=en

социоекономски нееднаквости се влошија. Во неколку земји, вклучувајќи ги Италија и Шпанија, наставниците известуваат дека учениците, особено оние од домаќинства со ниски примања, се борат да следат настава на Интернет, бидејќи често имаат недостаток од технолошки помагала и тивок простор дома за учење.



Ова е поврзано со друго прашање кое стана навистина проблематично: недостатокот на информатички вештини кај многу Европејци. Овој предизвик веќе беше препознаен и пред пандемијата со Ковид-19. Под претседателство на Урсула фон дер Лајен, Европската комисија го постави како приоритет Европа да се прилагоди на дигиталното време. Ова игра значајна улога во циклусот на Европскиот семестар за 2021 година и ќе се реши со Агендата за дигитални вештини.[13] Веќе имаше зголемена побарувачка за дигиталните вештини на пазарот на трудот, а со Ковид-19, овие вештини станаа неопходни за милиони ученици кои следат настава од далечина. Пандемијата исто така ги направи дигиталните вештини неопходни за работа од дома и за пристап на граѓаните до владините услуги преку Интернет.

## РОДОВА ЕДНАКВОСТ

Генерално, родовата еднаквост во ЕУ-28 е малку подобрена, со тоа што индексот за родова еднаквост од 67,4 во 2019 година се зголеми на 67,9 во 2020 година. Сепак, напредокот е ограничен, а нашите Национални стратешки групи известуваат дека спроведувањето на директивата за рамнотежа помеѓу работата и животот беше бавна, со големи разлики меѓу земјите членки. Гледаме некои позитивни случувања во грижата за децата и транспарентноста на платите. Сепак, општо земено, родовата еднаквост сè уште не е интегрирана во повеќето европски земји, а НСГ укажуваат на недостаток од сеопфатна рамка.




Родовиот јаз во платите се намали во земјите од ЕУ-28 од 17,1% во 2010 година на 15% во 2018 година. Тука, исто така, гледаме големи разлики меѓу земјите: во Луксембург жените во просек заработуваат 1,4% на час помалку од мажите, додека во Естонија разликата е 21,8%. За да се добие целосна слика за родовата (не)еднаквост на пазарот на трудот, важно е исто така да се разгледа јазот и во вработеноста. Во Романија, на пример, гледаме релативно низок родов јаз во платите (2,2%), но со еден од највисоките јазови во вработеноста во Европа, со 19% разлика. Слично на тоа, во Данска работната сила е многу раздвоена со преголема застапеност на жените на пониско платени јавни работни места.

13 Европска комисија (2020). Комисијата ја претставува Агендата за европски вештини за одржлива конкурентност, социјална рамноправност и отпорност: https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/ip_20_1196

# СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ВКЛУЧУВАЊЕ

Од 2013 година, владините трошоци[14] за социјална заштита[15] како процент од БДП се во стабилно опаѓање. Во периодот пред Ковид, видовме одредено намалување на процентот на луѓе во Европа кои се на работ на сиромаштијата на 16,8% во 2019 година. [16] Ваквиот развој, во голема мера, се припишува на зголемување на нивоата на вработеност, и главно, се однесува на индивидуалните работници. Во реалноста, постојат значителни разлики меѓу социјалните групи, а нашите НСГ обрнуваат внимание на фактот дека шемите со минимален приход и мерките за ублажување на сиромаштијата во многу земји-членки не се доволни за да се извлечат луѓето од сиромаштија. Во Грција и Унгарија, финансирањето на социјално осигурување е под притисок, бидејќи уделот на работодавачите во социјалните придонеси е намален. Сепак, и тука гледаме одреден позитивен развој, како што е воведувањето нови шеми за минимални приходи во Шпанија[17] и Италија.[18]



## ВКЛУЧУВАЊЕ НА МИГРАНТИ И МАЛЦИНСТВА

Вработеноста продолжува да биде клучен фактор за вклучување на мигрантите и малцинствата како за многу национални влади така и за Европската комисија. Во исто време, нашите Национални стратешки групи известуваат дека јазичните бариери се најгорливото прашање што стои на патот на новодојденците кои имаат пристап до основните услуги и здравствената заштита, како и до пазарот на трудот. Организациите на граѓанското општество играат клучна улога тука, понекогаш дури и преземајќи одговорности кои (националните) влади ги запоставиле, како што се обезбедување јазични курсеви и олеснување на пристапот до основните услуги и домување. Затоа сè повеќе загрижува тоа што членките на СОЛИДАР и партнерските организации пријавуваат зголемен број на напади врз организациите кои работаат со мигранти, особено во Грција, Унгарија, Хрватска и Бугарија.

14 Евростат (2020). Трошоци за социјална заштита: https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/tps00098/default/table?lang=en

15 Евростат (2020). Нето придобивки од социјалната заштита: https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/SPR_NET_BEN__custom_166174/default/table?lang=en

16 Евростат (2020). Стапка на ризик од сиромаштија според прагот на сиромаштија, возраст и пол – Анкети на EU-SILC и ECHP: https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/ilc_li02/default/table?lang=en

17 Државен официјален билтен (2020). Кралска уредба-закон 20/2020 за шемата за минимален приход: https://www.boe.es/eli/es/rdl/2020/05/29/20/con

18 Министерство за труд и социјална политика (2020) Reddito di Cittadinanza https://www.redditodicittadinanza.gov.it/

## ДОМУВАЊЕ

Недостигот од квалитетно и достапно домување и понатака претставува едно од најгорливите социјални прашања, според нашите НСГ. 15,6% од Европејците живеат во пренатрупани сместувања, а 10,1% живеат во домаќинства каде што домувањето опфаќа над 40% од вкупниот расположлив приход.[19], [20] Овие проблеми влијаат на лицата кои изнајмуваат и домаќинствата со ниски примања многу повеќе отколку на лицата кои се




сопственици на домови. Исто така, гледаме големи разлики меѓу земјите, со само 1,7% од домаќинствата на Малта кои се преоптоварени со трошоците за домување, во споредба со 39,5% од домаќинствата во Грција.[21] Исто така, достапноста на социјалниве станови е многу посакувано нешто: во белгискиот регион Фландрија во 2016 година, на списокот на чекање имаше исто толку луѓе колку што имаше веќе вселени станови. Понатака, нашите Национални стратешки групи известуваат за значителни регионални разлики, со пораст на трошоците за домување во урбаните центри и туристичките области особено нагло во однос на приходите.

## ЗДРАВСТВЕНА ГРИЖА

Здравствените системи во сите европски земји мораа да се справат со досега невидената потреба за нега за време на пандемијата со Ковид. Со повеќе од 9 милиони луѓе во ЕУ/ЕЕА и Велика Британија со дијагностициран Ковид-19,[22] европските здравствени системи и нивните работници се под огромен притисок. Ова на најгруб можен начин ги покажа основните проблеми како што се немањето доволно финансии и персонал што имаше најсилно влијание врз животот на ранливите групи.

Со пандемијата се справуваат ослабнати здравствени системи по повеќе од една деценија скратувања на финансиите и штедења. Финансиската криза во 2008 година доведе до намалување на трошоците за јавни услуги, вклучително и здравствените системи. Тие станаа мета за скратувања на финансиите затоа што поради нивната големина се чинеше дека имаат за кратење. Како резултат, бројот на болнички кревети достапни во земјите од ЕУ-28 постојано се намалува

19 Евростат (2020). Стапка на пренаселеност според полот – Анкета на EU-SILC: https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/tessi170/default/table?lang=en
20 Евростат (2020). Стапка на преоптоварување на трошоците за домување по пол – Анкета на EU-SILC: https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/tessi160/default/table?lang=en
21 Евростат (2018). Статистика за домување: https://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php/Housing_statistics
22 Европски центар за превенција и контрола на болести (2020). Ажурирање на ситуацијата со Ковид-19 за ЕУ/ЕЕА и Велика Британија, заклучно со 8 ноември 2020 година: https://www.ecdc.europa.eu/en/cases-2019-ncov-eueea

во однос на потенцијалот и поголемата ефикасност повеќе од една деценија.[23] Веќе во Мониторот за социјални права од 2019 година, членовите и партнерите на СОЛИДАР изразија загриженост за недостатокот од квалификуван здравствен кадар во неколку земји.

Неколку Национални стратешки групи исто така изразија загриженост во врска со регионалните разлики во достапноста и пристапноста до здравствената заштита во земјите, вклучувајќи ги Франција, Белгија, Хрватска и Србија. Причините главно се недостиг на квалификуван медицински кадар или регионализирано управување со здравствените политики и инфраструктури. Нашите Национални стратешки групи во Бугарија, Данска, Естонија, Германија и Италија предупредуваат дека јазичната бариера сè уште преставува најголема пречка за мигрантите и малцинствата за пристап до здравствената заштита. Во Бугарија, Франција, Грција и Шпанија, административните оптеретувања се пријавени како дополнителен фактор за комплицирање.



23 Евростат (2020). Болнички кревети според видот на нега: https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/HLTH_RS_BDS__custom_177966/default/table?lang=en

# ГРАЃАНСКИ ПРОСТОР

Влошувањето на граѓанскиот простор низ цела Европа е загрижувачки тренд. Членовите и партнерите на СОЛИДАР во своите извештаи напоменуваат дека финансиската поддршка за граѓанските организации (ГО) е намалена, а во некои земји како Германија, стана предмет на построг надзор и оданочување. ГО кои работат со мигранти се соочуваат со зголемени напади – финансиски и правни – од владите, како и од екстремистичките групи.

Во обид да се ограничи ширењето на Ковид-19 вирусот, многу влади низ целиот континент ја ограничија слободата на собирање со забрана на јавни собири или ограничување на нивната големина. Иако во контекст на пандемијата ова е разбирливо, влијанието што го имаше врз правото на демонстрација не може да биде оправдано, особено во однос на често поблагите мерки кои се наметнуваат на трговските претпријатија. Исто така, за време на пандемијата со Ковид-19, социјалните партнери посведочија поткопување на нивните надлежности од страна на владите кои донесоа еднострани одлуки за прашања поврзани со вработувањето без (доволно) консултации со синдикатите и организациите на работодавачи. Во Франција, синдикатите напролет започнаа да бараат вклучување во преговорите за далечинско работење, а разговорите конечно започнаа во ноември.

Покрај тоа, постојаните напади врз медиумите и од страна на државните чинители и од екстремно десните групи ја загрозуваат слободата на печатот. Во Холандија, државниот радиодифузер беше принуден да ги тргне логоата од своите теренски комбиња по континуираните закани и напади од десните теоретичари на заговор.[24] Репортерите без граници велат дека, иако некои европски земји сè уште се лидери во слободата на печатот, слободното новинарство во Европа е под закана од „нелибералните демократии“ и „борбата против тероризмот“, особено на истокот и југот од континентот.[25] Со концентрација на сопственоста на медиумите во рацете на неколку моќни актери дополнително се ограничува слободата на печатот во овие региони.



24 НОС (2020). НОС не го користи логото на теренските комбиња: https://nos.nl/artikel/2352452-nos-haalt-na-aanhoudende-bedreigingen-logo-van-satellietwagens.html
25 Репортери без граници (2020). Европа – Централна Азија: https://rsf.org/en/europe-central-asia

# СПОРЕДБА СО СПЕЦИФИЧНИТЕ ПРЕПОРАКИ ЗА ЗЕМЈАТА

Специфичните препораки за земјите за 2020 беа објавени во мај, за време на највисокиот бран од пандемијата. Затоа не изненадува фактот што многу од препораките својот фокус го ставаат на ублажување на првите директни ефекти од Ковид-19 врз здравствените системи и економијата. Задоволство ни е да забележиме дека за повеќето земји опфатени со Мониторот за социјални права, Европската комисија исто така препорачува зајакнување на мрежите за социјална безбедност, вклучително и за нетипични работници (Италија) и самовработени (Холандија). Сепак, социоекономските ефекти од оваа криза одат многу подлабоко од приходите. Нашите Национални стратешки групи известуваат дека Ковид-19 силно влијае врз сите аспекти на социјалните права, од вработување до образование и од пристап до основни услуги до граѓански простор. Бидејќи станува сè појасно дека пандемијата со Ковид-19 ќе продолжи да влијае на нашите општества во догледна иднина, СОЛИДАР инсистира на тоа дека е потребен поширок пристап кон социоекономските последици од истата.

СОЛИДАР е европска мрежа од повеќе од 50 граѓански организации кои опфаќаат неколку милиони граѓани низ цела Европа и ширум светот. СОЛИДАР ги пренесува вредностите на нејзините организации-членки до ЕУ и меѓународните институции во трите главни сектори на политики: социјалните работи, меѓународната соработка и доживотно учење. За повеќе информации www.solidar.org

SOLIDAR

Avenue des Arts, 50
1000 Brussels - Belgium
+32 2 500 10 20
www.solidar.org
@SOLIDAR_EU

Фондацијата за европски прогресивни студии (ФЕПС) е тинк-тенк на социјалдемократското политичко семејство на ниво на ЕУ. Неговата мисија е да развие иновативни истражувања, совети за политики, обуки и дебати за да инспирира и информира за прогресивните политики ширум цела Европа. ФЕПС работи како центар за размислување за да се олесни појавата на прогресивни одговори на предизвиците со кои се соочува Европа денес. Денес ФЕПС располага со солидна мрежа од 68 организации-членки. Меѓу нив, 43 се полноправни членови, 20 имаат статус на набљудувач и 5 се членови по службена должност. Покрај оваа мрежа на организации кои се активни во промовирање на прогресивните вредности, ФЕЛС има и широка мрежа на партнери, вклучително и реномирани универзитети, научници, креатори на политики и активисти.

FEPS

Avenue des Arts, 46
1000 Bruxelles - Belgium
+32 2 234 69 00
info@feps-europe.eu
www.feps-europe.eu
@FEPS_Europe

**Мониторот за социјални права 2020 на СОЛИДАР е развиен во рамките на програмата Заедно за социјална Европа, кофинансирана од Програмата на ЕУ за вработување и социјална иновација (EaSI). Дава увид во состојбата со социјалните права во 17 европски земји. Мониторот ја проценува состојбата на социјална Европа во однос на еднаквоста на можностите, фер услови за работа, социјалната заштита, вклученоста и граѓанскиот простор врз основа на истражувањата на граѓанските организации кои работат на терен во комбинација со статистички податоци и научни наоди. Тоа го прави врз основа на набљудувањата на Националните стратешки групи формирани во секоја од овие земји од член или партнер на СОЛИДАР. Мониторот за 2020 година исто така анализира до кој степен овие аспекти се рефлектираат во Специфичните препораки за земјите од процесот на Европскиот семестар кон социјално одржливо закрепнување по кризата со Ковид-19.**


**ОДГОВОРЕН УРЕДНИК:**
Микаел Леји (Mikael Leyi)

**АВТОР:**
Џеде Холевиин (Jedde Hollewijn)

**КООРДИНАЦИЈА НА ПУБЛИКАЦИЈАТА:**
Карлос Ролдан Мехијас (Carlos Roldán Mejías), Виолета Меото (Violeta Meotto), Џеде Холевиин (Jedde Hollewijn), Џули Мартинауд (Julie Martinaud)

**ЛЕКТУРА:**
Себастијан Мофет (Sebastian Moffett), Давид Риналди (David Rinaldi), Еулеан Омез (Euléane Omez)

**ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН:**
Максимилијан Фишер (Maximilian Fischer)

**ДОПОЛНИТЕЛЕН ПРИДОНЕС:**
За Солидарност (Pour La Solidarité), Институт за социјална интеграција (Institute for Social Integration), Центар за мировни студии (Centre for Peace Studies), МКЦ Прага (MKC Praha), Нит Европа (Nyt Europa), Центарот на Јоханес Микелсон (Johannes Mihkelson Centre), ЦЕМЕА Франција (CEMEA France,), Наставна лига (La Ligue de l'Enseignement), Академија Вили Еихлер (Willi-Eichler-Akademie), АРСИС (ARSIS), ПГА-Унгарија (PGA-Hungary), АРЦИ (ARCI), Институт за развој на заедницата (Community Development Institute), Хуманитас (Humanitas), ИДЦ-Србија (IDC-Serbia), АОПСС (AOPSS), МПДЛ (MPDL), ВолонтЕвропа (VolontEurope).



© FEPS 2020
© SOLIDAR 2020



Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија. Информациите содржани во оваа публикација не ги одразуваат позициите или мислењата на Европската комисија.


European Commission

solidar

TOGETHER FOR SOCIAL EUROPE

FEPS
FOUNDATION FOR EUROPEAN PROGRESSIVE STUDIES